**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за образование** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор** |

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
**за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје**

**Скопје, мај 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје од „Државен училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“, Скопје прима на трајно користење движни ствари, 4 (четири) патнички моторни возила со следниве карактеристики:

| Ред. бр. | Марка | Тип | Број на шасија | Регистарска ознака | Година на производство | Работна зафатнина на мотор (cm3) | Број на мотор | Боја на каросерија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Шевролет | EPICA | KLILF69RJ8B095821 | SK-1208-BK | 2008 година | 1991cm3 | 143161К | Металик сива 7 Ф |
| 2. | Форд | DA3 FOCUS | WF05XXGCD55U47787 | SK-2309-BM | 2005 година | 1388 cm3 | 5018772 | Металик плава/99 |
| 3. | СЕАТ | Cordoba 1.9 SDI | VSSZZZ6KZXR121879 | SK-090-UL | 1999 година | 1896cm3 | AEU/120979 | 5п жолта |
| 4. | Застава лада | KARAVAN 21043 | XTA210430P0453015 | SK-957-RN | 1994 година | 1500cm3 | 3276896 | Светло црвена 74 |

Движните ствари од став 1 на овој член Град Скопје ги прима на трајно користење, без надомест, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 50-2607/5 од 22.04.2025 година ( „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.85/25).

Член 2

Градоначалникот на Град Скопје и директорот на Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје, склучуваат договор со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 3

Движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука, Град Скопје ги дава на трајно користење, без надомест на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје – Скопје.

Член 4

Градоначалникот на Град Скопје и в.д.директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје, ќе склучат договор со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за давањето на трајно користење на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _______
___________ 2025 година
С к о п ј е

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 ри април 2025 година донесе Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 50-2607/5, („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.85/25), со кои на Град Скопје, без надомест, на трајно користење му даде 4 (четири) патнички моторни возила за потребите на Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје.

Врз основа на горенаведената Одлука на Владата на Република Северна Македонија, Советот на Град Скопје го овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договори со директорот на Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ Скопје и договор со в.д. директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје, со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 став 1 од оваа одлука.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје – Скопје.